Општина Центар
Скопје

Општина Центар
ул. ,,Михаил Цоков,, б.б.
1000 Скопје
web page: www.opstinacentar.gov.mk
тел. 3 203-600 и 3 203-680

# Информации за услуга

## Барање за пристап до информации од јавен карактер

**Законска регулатива:** Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РМ бр. 13/1.2.2006)

**Место за поднесување:** Барањето за пристап до информации од јавен карактер се доставува во Општина Центар, барака 6 соба број 12 ( работно време пон.-пет. Од 8:30 до 16:30, тел. 3 203-637 ).

**Формулар:** Готов формулар се добива во Општина Центар, во Центарот за информирање на граѓаните ( работно време пон.- пет. Од 8:30 до 16:30, тел 3 203-680 ,3 203-692 )

**Потребно време за разгледување на барањето:** Рокот во кој институцијата треба да одговори на барањето за слободен пристап изнесува 30 дена од денот на приемот на барањето. Овој рок може да се продолжи за 10 дена, па вкупно да изнесува 40 дена само од две причини:
-за да се овозможи делумен пристап до информацијта или
-поради обемноста на бараниот документ.
За продолжување на рокот како и за причините зошто е тоа сторено барателот ќе биде писмено известен, најдоцна три дена пред истекот на рокот од 30 дена.

**Правна поука:** Барателот на информацијата има право да поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од осум дена, ако имателот на информацијата не постапи во рокот од 40 дена.